## ОПШТИ ПРАВИЛА И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА NLB Smart POS АПЛИКАЦИЈАТА

**Општи правила и услови за користење на NLB Smart POS апликацијата**

**Воведни одредби**

Со овие Општи правила и услови се регулира начинот и постапката на користење на апликацијата NLB Smart POS на НЛБ Банка АД Скопје од страна на Трговецот со кој НЛБ Банка АД Скопје има потпишано Договор за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација.
Предмет на овие општи правила и услови е регулирање на условите и начинот на наплата за производи и услуги од страна на Трговецот преку процесирање на платежни трансакции засновани на картичка, чие прифаќање НЛБ Банка АД Скопје го има овозможено преку NLB Smart POS апликацијата, без оглед на банката издавач на платежната картичка.
За сè што не е регулирано со овие Општи правила и услови, и во случај на нивна неусогласеност со одредбите од Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје, приоритет на примена ќе имаат одредбите од наведениот договор.
Овие Општи правила и услови заедно со Одлуката за тарифи и надоместоци на услуги на НЛБ Банка АД Скопје се составен дел на Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје.
Сите термини употребени во овие Општи правила и услови за користење го имаат истото значење како и термините употребени во одредбите од Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје, освен ако не е поинаку дефинирано во овие Општи правила и услови.

**Дефиниција на термини**

**Општите правила и услови** претставуваат општи правила и услови за користење на NLB Smart POS апликацијата, кои важат на денот на активирање на истата;

**Банка** - НЛБ Банка АД Скопје (седиште: ул. Водњанска бр. 1, Општина Центар, 1000 Скопје);

**Трговец** е правно лице кое има платежна сметка во Банката наменета за правни лица, кое како корисник на NLB Smart POS апликација на Банката има потпишано Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје и ги прифаќа Општите правила и услови за користење на апликацијата.

**NLB Smart POS апликацијата** - е интегрирано софтверско решение кое му овозможува на Трговецот наплата за производи и услуги преку процесирање на платежни трансакции засновани на картичка, чие прифаќање Банката го има овозможено на NLB Smart POS апликацијата, без оглед на банката издавач на платежната картичка.

**Уред** - означува мобилен телефон (паметен телефон), таблет или друг дигитален уред на кој може да се инсталира и користи NLB Smart POS апликацијата.

**Маркет за апликации** - платформи за преземање апликации базирани на специфичен оперативен систем. NLB Smart POS апликацијата може да се преземе преку Google Play за уреди со оперативен систем Андроид.

**Оперативен систем** - NLB Smart POS апликацијата може да се инсталира на уреди кои поседуваат NFC технологија и користат оперативен систем Android, каде минималната поддржана верзија на оперативниот систем Android на која може да се инсталира NLB Smart POS апликацијата е 10.0.

**Број на мобилен телефон** е телефонскиот број на кој Трговецот добива активациски код на апликацијата или други информации поврзани со користењето на апликацијата. Бројот на

мобилниот телефон што Трговецот го користи за активирање на NLB Smart POS апликацијата е бројот што Трговецот го навел во барањето за користење на NLB Smart POS апликација поднесено во Банката

**Е-маил адреса** – електронска адреса на која корисникот ќе добие корисничко име (ID на корисник) за апликацијата, е е-маил адреса што Трговецот ја навел во барањето за користење на NLB Smart POS апликација поднесено во Банката

**Упатство за користење на NLB Smart POS апликацијата** – го објаснува функционирањето на апликацијата.

**Активна интернет конекција** - за да може да се активира и користи NLB Smart POS апликацијата, на уредот на кој Трговецот има намера да ја инсталира и користи апликацијата неопходно е да има интернет конекција, која Трговецот ќе си ја обезбеди на свој товар.

**Сигурносни елементи** - се лозинки, отпечаток од прст и други видови безбедносни елементи наменети за пристап на Уредот и активирање на NLB Smart POS апликацијата.

**Тарифа на надоместоци за услугите на НЛБ Банка АД Скопје** - Одлука за тарифа на надоместоци за услугите што ги врши Банката, со која се регулираат сите задолжувања за износот на трансакциите, провизиите, членарините и надоместоците направени со користење на услугата.

**За NLB Smart POS апликацијата**

- Апликацијата е дизајнирана со високи безбедносни стандарди во согласност со Стандардите за безбедност на податоци на индустријата за платежни картички (PCI DSS), воспоставени со платежните шеми Visa и Mastercard и се засноваат на EMV технологија.
- Апликацијата ги поддржува сите видови бесконтактни кредитни, дебитни, припејд платежни картички базирани на EMV и сите дигитални паричници, Apple Pay, Android Pay, Google Pay, Samsung Pay, Нараквици и Часовници, Активни или пасивни уреди за носење.
- Апликацијата ги поддржува картичните платежни шеми Visa и Mastercard.

**Аплицирање за NLB Smart POS апликацијата**

Трговецот може да поднесе барање за користење на NLB Smart POS апликацијата во експозитурите на Банката или преку друг канал што Банката ќе го обезбеди за Трговецот.

**Активирање на NLB Smart POS апликацијата**

Откако ќе ја преземе апликацијата од Google Play и ќе ја инсталира на Уредот, Трговецот ја активира апликацијата преку внесување на:

- Корисничко име ( ID на корисник) – кое го добива на е-маил адресата, наведена од страна на Трговецот во барањето за користење на NLB Smart POS апликацијата и
- Активациски код– кој го добива на регистрираниот Уред во вид на текстуална порака со активациски код што треба да го користи или внесе во апликацијата.

Откако ќе го внесе активацискиот код во самата апликација, Трговецот креира сопствен пин код (лозинка) за следното најавување на апликацијата и опционално може да го наведе најавувањето користејќи автентикација преку единствен идентификатор кој се поврзува само со него, а со цел заштита и контрола на пристап, доколку Уредот на кој е активирана апликацијата поддржува таква можност.

Активирањето е завршено кога Трговецот ќе пристапи до неговиот кориснички профил.

**Користење на апликацијата**

Со потпишувањето на Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје и прифаќањето на Општите правила и услови за користење на апликацијата, Трговецот

е запознаен дека за да може да се користи NLB Smart POS апликацијата, потребно е да овозможи пристап и користење на одредени дозволи и привилегии на самиот Уред на кој ќе се користи апликацијата, кои ги прифаќа со давање согласност за нивно користење во процесот на инсталација и активирање.

Со склучувањето на Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје, Трговецот ќе прифаќа платежни картички како начин на наплата за продадените производи / обезбедените услуги, под услови и на начин регулирани во Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје и во Упатство за користење на NLB Smart POS апликацијата.

**Деактивирање на NLB Smart POS апликацијата**

NLB Smart POS апликацијата Трговецот ќе ја деактивира во случај на раскинување на Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје на начин утврден во самиот Договор
**Важна забелешка:** Трговецот треба да има предвид дека NLB Smart POS апликацијата не се деактивира доколку ја деинсталира/избрише апликацијата од Уредот.

**Безбедност на NLB Smart POS апликацијата и уредот на кој се користи**

Трговецот е должен:

- Внимателно да се грижи и да го заштитува Уредот како добар домаќин, односно да преземе се што е потребно за да спречи Уредот да биде изгубен, украден и/или злоупотребен, како и да спречи Уредот да се користи од други неовластени лица,
- Внимателно да се грижи како добар домаќин за безбедноста на сигурносните елементи што се користат на Уредот при користење на NLB Smart POS апликацијата,
- да се осигура дека NLB Smart POS апликацијата е деинсталирана од Уредот на кој е инсталирана и дека услугата е деактивирана во согласност со постапката за деактивирање, во услови кога тој Уред повеќе не се користи за намената од страна на Трговецот или пред Уредот да биде отуѓен,
- веднаш да ја извести Банката, преку нејзините експозитури, преку Контакт центарот на бројот 02/15-600 или на друг начин овозможен од Банката за какви било промени поврзани со бројот на мобилниот телефон кој се користи како Уред или било какви други промени кои можат да имаат влијание на условите и начинот на користење на NLB Smart POS апликацијата
- Да има безбеден пристап до Уредот со безбедносен елемент, односно да се грижи уредот на кој е активирана NLB Smart POS апликацијата да не биде без безбедносен елемент за активирање на услугата,
- Да ја користи услугата NLB Smart POS во согласност со Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје заедно со овие Општи правила и услови кои се негов составен дел, како и Упатството за користење на NLB Smart POS апликацијата.
- Веднаш да ја извести Банката за какви било неправилности во работењето на NLB Smart POS апликацијата,
- Да не користи или инсталира никакви компјутерски кодови, сомнителен софтвер или други инсталации на Уредот кои би можеле да го спречат непреченото функционирање на NLB Smart POS апликацијата;
- Да користи Уред чиј оригинален софтвер и хардвер не се изменети,
- Веднаш да ја извести Банката за каква било неовластена употреба, сомневање за неовластена употреба или за евентуална можност од неовластено користење на Уредот (на пример, ако трето лице на кој било начин дознало за безбедносните карактеристики), кражба или губење на Уредот. Во таков случај, Трговецот е должен да побара од Банката да се блокира NLB Smart POS апликацијата,

- Да ги следи известувањата од соодветната продавница за апликации на Уредот и постојано да презема/ажурира нови верзии на NLB Smart POS апликацијата,
- Редовно да ги следи известувањата од Банката во врска со користењето на NLB Smart POS апликацијата преку самата апликација или преку официјалната веб-страница на Банката (www.nlb.mk).

Трговецот презема целосна одговорност за штетата предизвикана поради злоупотреба или доброволно предавање на сигурностите елементи за автентикација, губење на податоци, неовластен пристап до податоците поврзани со NLB Smart POS апликацијата на трети лица или во случај на злоупотреба на податоците поврзани со NLB Smart POS апликацијата од страна на вработени лица кај Трговецот. Истовремено, Трговецот презема и целосна одговорност во случај на штета предизвикана поради користење на NLB Smart POS апликацијата спротивно на одредбите од Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје, овие Општи правила и услови како негов составен дел и Упатството за користење на NLB Smart POS апликацијата.

Банката го задржува правото да го блокира пристапот на Трговецот до NLB Smart POS апликацијата доколку:

- Постои сомневање за неовластен пристап до NLB Smart POS апликацијата
- Уредот на кој е инсталирана NLB Smart POS апликацијата на Трговецот е изгубен или украден,
- Трговецот не ја преземал/ажурирал новата верзија на NLB Smart POS апликацијата кога била достапна,
- Трговецот не ги почитува одредбите од Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје, овие Општи правила и услови како негов составен дел и Упатството за користење на NLB Smart POS апликацијата, или
- Банката не ја нуди NLB Smart POS апликацијата, за што Банката ќе го информира Трговецот.

NLB Smart POS апликацијата Трговецот може да ја откаже во експозитурите на Банката или на друг начин утврден со одредбита на Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје.

Трговецот не може да ја откаже NLB Smart POS апликацијата само со отстранување на истата на својот Уред.

**Обврски на Банката**

Банката е должна да:

- Ги извршува своите обврски во согласност со овие Општи правила и услови,
- Да го информира Трговецот за какви било промени и/или дополнувања на Општите правила и услови и Одлуката за тарифите за надоместоци за услуги што ги врши НЛБ Банка Скопје на некој од начините утврден со Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје;
- Го информира Трговецот кога ќе одлучи повеќе да не ја обезбедува услугата NLB Smart POS.

Банката нема да биде одговорна за штета предизвикана со користење на NLB Smart POS апликацијата, ниту за штети предизвикани од причини кои Банката не можела да ги спречи или избегне, како и за било каков дефект на Уредот на кој се користи апликацијата, вклучувајќи го и оној предизвикан од вирус.

**Надоместоци**

Сите надоместоци за користење на NLB Smart POS апликацијата ќе се наплатуваат во согласност со Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје и во согласност со важечката Одлука за тарифа на надоместоци за услугите што ги врши НЛБ Банка.

**Користење, пристап и обработка на податоци**

Мобилната NLB Smart POS апликација ги користи следниве типови податоци од вашиот телефонски уред:

- **Директен телефонски повик**
  - На апликацијата и треба дозвола за повикување на телефонските броеви на Контакт центарот.
- **Автентикација преку користење на читач за отпечатоци**
  - На апликацијата и е потребна оваа привилегија за автентикација преку единствен идентификатор - отпечаток од прст, кој се поврзува само со едно лице, а со цел заштита и контрола на пристап. Користењето на автентикација преку читач за отпечатоци зависи од подесувањата на уредот на кој е инсталирана NLB Smart POS апликацијата.
- **Геолокациски сервиси**
  - Активирани и со овозможен пристап
- **Пристап до камерата**
  - Неопходни за функционалности како земање и прикачување документ, земање QR код и слично
- Интернет услуги – Овозможен пристап
- NFC – Активирано и со овозможен пристап
- Google PlayProtect – Активирано и со овозможен пристап
- Останати комуникациски канали
  - На апликацијата и е потребна оваа привилегија (користење на SMS, Viber, eMail и сл.) со цел испраќање на информации за реализираните платежни трансакции засновани на картичка до имателот на платежната картичка.

**Детали за Уредот**

Трговецот се обврзува да и ги направи на Банката достапни информациите за Уредот што го користи Трговецот кои и се потребни за ажурирање на апликацијата, за подобрување на апликацијата и/или нејзините функционалности, како и за статистичка анализа на одредени групи корисници. Трговецот се обврзува да прави редовно ажурирање на Оперативниот систем на уредот, односно да ја има минималната поддржана верзија на оперативниот систем Android на која може да се инсталира NLB Smart POS апликацијата, како и редовна надградба на најновата верзија на NLB Smart POS апликацијата, при што ќе се смета дека Трговецот се согласил со промените во истата со самото превземање и инсталација на новата верзија.

Информациите за Уредот кои Трговецот треба да ги направи достапни на Банката за потребите на NLB Smart POS апликацијата се следните: бренд  на уред на пр. LG, Samsung, Sony, итн., модел на пр. Samsung Galaxy A13, оперативен систем на пр. Android 10.0, како и сериски број на уредот.

Функционирањето на NLB Smart POS апликацијата не е овозможено доколку се активирани т.н. development mode и rooting на уредот, при што задолжителна е неопходно активирање на Antivirus, Политика на сигурност (security policy), безбедна интернет врска (internet connection must be secure), како и заштита на уредот со лозинка или автентикација преку единствен идентификатор кој се поврзува само со еден корисник.

**Детали за NLB Smart POS апликацијата**

Трговецот се обврзува да и ги направи на Банката достапни информациите за начинот на користење на NLB Smart POS апликацијата, заради статистичка анализа на ниво на групи корисници, кои служат како основ за прилагодување на функционалностите за потребите на корисниците, оптимизирање на нејзините перформанси, подобрување на безбедноста, како и прилагодување на нејзината содржина за потребите на корисниците. Преку добиените информации на Банката и се овозможува да следи која онлајн продавница се користи за преземање или ажурирање на апликацијата, која верзија е инсталирана, колку време се користи NLB Smart POS апликацијата, кои функционалности и како истите се користат (на пр. до кои екрани се пристапува, колку долго трае пристапот и слично).

**Детали за пристап на Трговецот**

Трговецот има право да одлучи за тоа кои информации се согласува да ги сподели со Банката, а пристапот до NLB Smart POS апликацијата Трговецот има право да го ограничи на некои од горенаведените компоненти со менување на поставките во Уредот на кој е инсталирана, со тоа што со ограничувањето на пристапот до некои од функционалностите, користењето на NLB Smart POS апликацијата ќе биде оневозможено.

**Промени на Општи правила и услови за користење**

Банката може да ја промени содржината и/или услугите содржани на NLB Smart POS апликацијата, како и Општите услови.
Во случај на промена на Општите услови за користење, тие ќе бидат објавени на официјалната веб-страница на Банката (www.nlb.mk) како и достапни во самата апликација.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

- Банката не одговара за прекин на услугите при користење на NLB Smart POS апликацијата и за последиците од настанатиот прекин, кој е надвор од контрола на Банката, односно кој е последица на виша сила и околности кои не можеле да бидат предвидени, спречени, отстранети или избегнати од страна на Банката.
- Банката нема да одговара поради неможност да ги извршува работите од овие Општи правила и услови во случаите кога настапиле објективни пречки за вршење на тие работи, а како такви особено се сметаат сите случаи и дејствија кои ја отежнуваат или оневозможуваат комуникацијата помеѓу Банката и Трговецот, а особено случаи и активности кои отежнуваат или оневозможуваат процесирање на платежни трансакции засновани на картичка, како и сите други случаи и околности кои не може да се припишат на вина на Банката. Банката го задржува и правото на евентуални прекини во работењето предизвикани од технички причини без посебна најава.
- Сите права на интелектуална сопственост кои произлегуваат од употребата на NLB Smart POS апликацијата, backoffice и front-end (софтвер, апликација), документација, материјали за обука и/или услуги за обука, вклучувајќи патенти и други знаења и авторски права, регистрирани или нерегистрирани заштитните знаци во сопственост или користени од производителите на софтверот и сите форми на goodwill во врска со нив и сродните права (т.е. правата за користење модифициран софтвер) се и ќе останат во секое време ексклузивна сопственост на производителите на софтверот. Сите ексклузивни права на интелектуална сопственост поврзани со целиот софтвер за развој на SDK и backend се и ќе останат сопственост на производителот на софтвер. Сите ексклузивни права на интелектуална сопственост поврзани со компонентите на мобилната апликација и backend услугата се и ќе останат сопственост на добавувачите и производителот на софтвер, што на Трговецот му овозможува неексклузивно и непречено користење на софтверското решение за целото времетраење на користењето на апликацијата. Трговецот нема да ги експлоатира, репродуцира или користи правата на сопствениците на апликацијата, освен како што е изрично дозволено според одредбите на овие Општи правила и услови за користење и Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликацијата. Меѓутоа, трговецот има право да ја користи услугата за целите на своето работење како што е договорено за времетраењето на Договорот за прифаќање на

платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација и Општите услови и правила за користење.

- Трговецот не може да ги преземе следните дејствија без директна или индиректна согласност од производителот на софтверот и банката:
    - не смее да менува, преведува или создава изведени дела од софтверот;
    - не смее на кој било начин да декомпајлира, расклопува, прави обратен инженеринг или да се обиде да реконструира, дефинира или открие кој било изворен код, основни идеи или алгоритми на услугите;
    - не смее да продава, изнајмува, лиценцира, дава во подлиценца, копира, продава или ги дистрибуира услугите или да ги користи за споделување или хостирање на ограничен временски период, освен како што е изрично дозволено според одредбите на овие Општи правила и услови за користење;
    - не смее да отстранува никакви известувања, знаци или брендирани ознаки;
    - не може да обезбеди увид во структурите на базата на податоци, логиката на трансакцијата или увид во релевантното знаење.

Трговецот не смее да ги искористува, репродуцира или користи правата на интелектуална сопственост кои се применуваат освен како што е изрично дозволено според овие Општи правила и услови за користење и Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликацијата.

**Меродавно право и решавање на спорови**

- На овие Општи правила и услови и Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје се применуваат исклучиво законите на Република Северна Македонија.
- Банката и Трговецот се согласни дека месно надлежниот суд во Република Северна Македонија ќе има исклучива надлежност за решавање на спор кој е во врска со или произлегува од овие Општи правила и услови и Договорот за прифаќање на платежни картички и процесирање на платежни трансакции засновани на картички преку NLB Smart POS апликација на НЛБ Банка АД Скопје.